Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 83 2 јули 2012 година

јули 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област производно машинство, технологии и системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област организација на здравствена служба на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по хотелиерство” од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески од Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Претклиничка кариологија“ од насл. доц. д-р Лидија Поповска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Профилакса на орални болести“ од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 58

**ПРИГОВОР** од Владимир Арсов ........ 59

**ОДГОВОР** на Приговор од Владимир Арсов ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-128/12 од 19 април 2012 година, донесена на 26. седница на Наставно - научен совет на Економски факултет, одржана на 18 април 2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање ***асистент*** *за научната област* ***меѓународна економија*** на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во состав:

– доц. д-р Јанка Димитрова (претседател),
– проф. д-р Трајко Мицески.
– проф. д-р Ристо Фотов.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм“ на 3 април 2012 година и во предвидениот рок се пријавија следниве кандидати: м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, м-р Влатко Пачешкоски, м-р Елена Ѓуроска и Неда Калешовска.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за избор на еден соработник, објавен во весниците „Дневник” и „Лајм” на 3 април 2012 година, за научната област меѓународна економија покрај другите пријавени кандидати се пријави кандидатот м-р Влатко Пачешкоски и ги достави потребните документи според Конкурсот, и тоа:

– пријава;
– диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал – доколку такви има);
– уверение за државјанство;
– изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Влатко Пачешкоски** е роден е на 1 март 1980 год. во Прилеп. Основно образование и средно (општа гимназија) завршува со континуиран одличен успех.

По завршувањето на средното образование во 1998 год. се запишува на Економскиот факултет во Прилеп, на насока Меѓународна економија, каде што дипломира во 2002 год, со просечна оценка од 9,16 при што се здобива со стручен назив дипломиран економист.

Во учебната 2002/2003 год. се запишува на постдипломски студии по меѓународна економија и бизнис, каде што ги завршува испитите со просечна оценка од 9,78. Магистрира во 2008 год. на тема „Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија” под менторство на проф. д-р Сашо Атанасоски.

Од октомври 2003 год. до септември 2009 година е ангажиран на Економскиот факултет во Прилеп како демонстратор по предметите: Меѓународни финансии, Меѓународни односи, Вовед во економска глобализација, Теорија и политика на економски развој, Економски доктрини, Развој на економска мисла, Анализа на работењето,.

Од септември 2009 година, кандидатот е запишан на докторски студии при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" – Скопје, Економски институт – Скопје, со пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов *„Перспективите за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија"*.

Од октомври 2009 година работи како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип каде што покрива предмети како:

– Меѓународни финансии,
– Меѓународен монетарен и трговски систем,
– Меѓународен развој,
– Меѓународен менаџмент,
– Современи економски системи и глобализација,
– Корпоративно управување,
– Економика на претпријатие.

Покрај активното користање на англискиот јазик, кандидатот има одлично познавање и на работа со компјутери: Ms Office (Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook) и Internet.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот м-р Влатко Пачешкоски достави список на објавени научни и стручни трудови со кои се согледува научната активност, а поважни се следниве:

1. ***„Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија"***, одбранет магистерски труд, Економски факултет-Прилеп, Универзитет „Климент Охридски", Битола, Р.Македонија, 2008 год.
2. ***„Економика на претпријатие"***, интерна скрипта, д-р Маргарита Матлиевска, м-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет - Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2010 год.
3. ***„Улогата и значењето на финансиските извештаи во услови на глобализирана економија"*** - проф. д-р Борка Соколоски, м-р Влатко Пачешкоски, International conference, BUSINESS AND GLOBALIZATION 2008, Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Климент Охридски", Битола, стр. 13-25.
4. ***"The influence of the legislation on the FDIs the case of the R.Macedonia in the period 2001-2010"*** - prof.Ph.D. Margarita Matlievska, prof.Ph.D Riste Teamjanovski, prof.Ph.D Krste Sajnoski, MSc Assistant Vlatko Paceskoski, Assistant MSc Eklena Nikolova,International Jubilee Scientific Conference – Economics and Management in the 21st Century-Solution for Sustainbilitty and Growth 2011,Tsenov Academic Publishing House Svishtov, p.289-301.
5. ***"A game theoretic optimization model between project risk set and measure set"***, MSc Assistant Vlatko Paceskoski, Strategic management – International Journal of Strategic Management AND Decision Support Systems in Strategic Management, University of Novi Sad Faculty of Economics Subotica , Subotica, Serbia 2009, p. 44-65.
6. "***Free money-for the agricultural sector as helping hand for investment activities in times of financial crisis"***- MSc Assistant Zoran Temelkov MSc Assistant Vlatko Paceskoski, Научно-практическа конференција с международно участие-Аграрниот сектор в услови на финансова криза, 2009 стр. 96-101.
7. ***"Strategic management, strategic planning and strategic thinking"*** - MSc Assistant Vlatko Paceskoski,The International Scientific Journal of Management Information systems,University of Novi Sad Faculty of Economics Subotica , Subotica, Serbia, 2010, p. 75-83.
8. ***"Developing spectrum innovation for survival and success in the global economy"*** Доц. д-р Маргарита Матлиевска, асс. м-р Влатко Пачешкоски, Меѓународна конференција

на тема „Економијата во пострецесиониот период", Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Климент Охридски" - Битола, 2010 год.

***Во процес на издавање:***

1. Монографија „Светската економска криза и земјите во развој", проф. д-р Ристо Фотов, м-р Влатко Пачешкоски;
2. Труд на тема „Анализа на на ефектите од увозните квоти", м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Влатко Пачешкоски, Годишен зборник на Економски факултет – Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2011.
3. Труд на тема „Процесот на глобализација во светската економија низ призмата на виртуализација", м-р Влатко Пачешкоски, м-р Емилија Митева-Кацарски, Годишен зборник на Економски факултет – Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2011.
4. Труд на тема „Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски.
5. Труд на тема "Globalization, growth, and poverty" University of economics Varna is pleased to invite you to take part in the International conferenceTRENDS AND CHALLENGES IN THE ECONOMIC DEVELOPMENT

**Евалуација на трудот број 1:**

***„Положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија"***

Магистерскиот труд од Пачешкоски се карактеризира и наметнува со својата актуелност, комплексност и значење. Актуелноста на овој магистерски труд произлегува и оттаму што и денес на почетокот од 21 век прашањето за положбата и перспективите на земјите во развој во светската економија е едно од најважните прашања и предизвици со кои се соочува современата меѓународна заедница. Всушност, најдобра афирмација за актуелноста на ова прашање е фактот што тоа континуирано е предмет на разгледување на состаноците на разни меѓународни институции и научни форуми на коишто се бараат теоретски и практични одговори за решавање на проблемот на сè поголемиот јаз во развиеноста меѓу северот и југот како синоноими за развиеноста, богатството и моќта и за неразвиеноста, сиромаштијата и немоќта.

Комплексноста на магистерскиот труд произлегува од повеќе чинители:

- различните теоретски концепции за причините за неразвиеноста и аналогно на тоа за насоките и патот за излез од неа;
- тука се инкорпорирани и бројните економски и неекономски фактори коишто влијаат врз развојот на светската економија и во тој контекст на положбата и развојните перспективи на земјите во развој;
- процесите на промени и трансформации на светската економија се постојани и со акцелераторска динамика, така што денес нејзините политекономски карактеристики се многу поразлични и истите бараат теоретско објаснување и практично решавање;
- новата структура и карактеристики на светскиот пазар и дејствувањето на економските законитости во услови на глобализација на економијата и во услови на новото информациско општество.

Трудот е изработен во овие услови и карактеристрики на светската економија денес, од што произлегува и тежината на овој магистерски труд. Претходно изнесеното го определува и значењето на трудот, односно проблематиката што е предмет на истражување и анализа. Притоа резултатите добиени од магистерскиот труд се доволна афирмација за еден квалитетно и солидно изработен магистерски труд. Всушност, и генерално во овој труд солидно се анализира и објаснува положбата на земјите во развој во меѓународната трговија и меѓународните финансии, но исто така и меѓународната политика како суштествени елементи на светската економија и истовремено се утврдени и можните перспективи за подобрување на нивната положба. Притоа се обработени поголем број прашања, од каде што се согледува повеќедимензионалноста на темата, ставени во функција на предметот на и компактно поврзани во една конзистентна целина.

Магистерскиот труд опфаќа 240 страници отчукан текст на македонски јазик, со проред еден и половина, и современа техничка обработка на текстот што обезбедува негова систематизираност и прегледност.

Концептот и содржината на овој труд се систематизирани во три логично концепциски поврзани делови. Покрај воведот и заклучните согледувања трудот ги инкорпорира следните три тематски сегменти:

1. Политекономските карактеристики од современата фаза од развојот на светската економија;
2. Положбата на земјите во развој во светската економија-состојби и тенденции;
3. Можните перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој.

Во воведниот дел од трудот авторот дава објаснување на целта, предметот и задачите на истражување, како и методологијата на истражувањето.

Во првиот дел, авторот дава осврт и анализа на процесите на регионализација и глобализација во светската економија преку нивната економска и политичка димензија, притоа ја акцентира нивната супериорност во севкупниот општествено економски развој, а посебно важноста на овие процеси за земјите во развој. Всушност, авторот ја потенцира неопходноста и неодложноста на потребата од вклучување на земјите во развој во овие процеси. Во овој дел се направени и различни анализи за моќта во светската економија, нејзината прераспределба односно како денес е распределена, како се трансформира и како ќе се трансформира моќта и кои се причините за немоќта на земјите во развој во светската економија. Во овој сегмент, исто така посебна анализа авторот имплементира на клучните проблеми со кои се соочува светската економија денес.

Тој истакнува дека круцијални проблеми со кои денес се соочува светската економија се:

– Продлабочување на дискрепанцата во развојот помеѓу развиените земји и земјите во развој;
– Демографскиот раст и невработеноста;
– Меѓународниот долг и должничката криза;
– Системот на меѓународни економии.

Во вториот дел од трудот е извршена анализа на положбата на земјите во развој во светската економија. Во тој контекст авторот го нагласува значењето на различните класични, марксистички, неомарксистички и современи теоретски концепти за неразвиеноста и нивниот придонес за излез од неа. Во рамките на овој дел од трудот се обработени низа конкретни показатели и анализи, преку коишто се согледува и елаборира положбата на земјите во развој во: меѓународната трговија, меѓународните финансии, како и која е и каква е улогата на транснационалните компании во овие земји. Исто така, покрај економските аспекти на положбата на земјите во развој, авторот се со цел да направи поексплицитна слика за положбата на овие земји во светската економија, ја анализира и проучува улогата и значењето на земјите во развој во светската политика и влијанието на меѓународната политика и институции врз нивниот иден развој и истовремено и ги потенцира кои се можностите и алтернативите за надминувањето на гладот и сиромаштијата на помалку развиените земји во светот.

Централен дел во истражувањето претставува третиот дел, што се однесува на можните перспективи за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија. Во овој дел од трудот авторот се фокусира во две насоки. Во тој контекст, имплементира анализа на внатрешните потенцијали (капиталот, населението, природните ресурси и технологијата) со коишто располагаат земјите во развој, притоа анализирајќи ги искуствата на земјите во развој коишто успешно излегле од зоната на неразвиеност и економските политики што водат кон таа цел. Втората насока која авторот ја потенцира е анализа на тоа: каква е, која е и каква треба да биде улогата на меѓународната заедница во подобрувањето на положбата на земјите во развој во светската економија, притоа тој извршува критичка анализа на досегашните искуства и резултати од овој домен, а во функција на поефикасна помош и поддршка на развојот на овие земји. Во третиот

сегмент од овој дел на трудот врз основа на претходно добиените резултати од анализата на внатрешните потенцијали на ЗВР, моделите за нивни побрз економски развој и улогата на меѓународната заедница во досегашниот и идниот развој на овие земји, авторот ги утврдува и елаборира реалните перспективи и можности за подобрување на положбата на овие земји во светската економија.

На крајот дава сублимирање на сите претходни елаборирања, дава заклучни согледувања за можностите за подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија, врз основа на претходно извршените истражувања и анализи.

***Научен придонес***

Врз основа на анализата на магистерскиот труд може слободно да се констатира дека авторот својот истражувачки интерес го фокусира кон една особено комплексна проблематика, што е исклучително релевантна од аспект на дефинирањето на развојните перспективи на земјите во развој. Тој има извршено продлабочена и студиозна аналитичка опсервација и елаборација и истата ја презентира во една концепциска хармонизирана, кохерентна и прегледна целина. Комисијата цени дека темелната вредност и научниот придонес на овој труд можата да се согледаат преку следново:

– дава сеопфатна слика за положбата, состојбите, тенденциите и перспективите на земјите во развој во светската економија;
– дијагностицира сериозни проблеми во оваа област, што егзистираат подолг временски период и бележат тренд на пораст, при што го идентификува нивниот структурен карактер;
– дава конструктивни размисли, предлози и сугестии во однос на перспективното структуирање за подобрување на нивната положба во светската економија;
– ги идентификува мерките, механизмите и инструментите за имплементација на стратегијата за побрз излез од неповолната положба на овие земји во светската економија.

***Оригиналноста на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла***

Трудот претставува, според содржината и начинот на разработката, дело во кое на оригинален начин се разработуваат примери, прашања и решенија со чијашто примена се овозможува подобрување на положбата на земјите во развој во светската економија.

***Соодветноста на применетата методологија***

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап, статистички методи (метод на корелација, стандардна грешка, индексни броеви), компаративниот метод, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

***Научната заснованост на експликацијата на заклучоците***

Заклучоците наведени во трудот се резултат на методологијата на научното истражување.

**Евалуација на трудот број 2:**

***„Економика на претпријатие"***

Во овој труд се истакнува дека економиката на претпријатието е една од клучните микроекономски науки. Имено, таа го проучува стопанисувањето на ниво на претпријатие како основна единица на националното стопанство. Во скриптата се истакнува дека економиката на претпријатие ги проучува основните прашања за успешно производство на ниво на стопански субјекти. Затоа, таа ги истражува факторите кои влијаат врз успешноста на работењето, ги утврдува закономерности кои се појавуваат во економскиот систем на претпријатието, и дефинира правила со чијашто примена може да се подобри работењето. Така, се откриваат сè подобри начини за остварување на целите на претпријатието,

односно подобрување на производството и продажбата на производите и услугите. Имено, економиката на претпријатието е дисциплина на економската наука којашто го проучува работењето на претпријатието со цел дефинирање на принципи, управувачки правила, мерки и слично, со чијашто примена во праксата треба да се овозможи поефикасно остварување на целите на претпријатието. Применувајќи ги резултатите од сопствените теоретски воопштувања, резултатите од истражувањето во другите економски дисциплини, како и методологијата на економската наука за проучување на деловните проблеми на претпријатието, економиката на претпријатието подразбира поефикасно остварување на неговите цели.

Скриптата е структуирана од повеќе сегменти коишто се суштински за овој предмет и истовремено претставуваат компактна целина. Извршена е детална и темелна обработка во скриптата на следниве подрачја:

- Поим и предмет на економика на претпријатија,
- методологија која ја користи економиката на претпријатие,
- развој на научната дисциплина за економика на претпријатија,
- видови претпријатија,
- трошоци во претпријатијата,
- управување со квалитетот во претпријатијата (продуктивност, економичност, рентабилност),
- ефикасност и ефективност во претпријатието,
- стратегија за раст и развиој на претпријатието.

**Евалуација на трудот број 3:**

***„Улогата и значењето на финансиските извештаи во услови на глобализирана економија"***

Во овој труд авторот го нагласува значењето за да се овозможи побрз напредок и развој на компаниите и на националните економии мора да ги следат, прифаќаат и имплементираат движењата и правците на глобализацијата. Односно, авторот потенцира дека во ерата на новата економија финасиските извештаи мора да бидат усогласени и хармонизирани со тековните трендови. Имено, оваа констатација авторот смета дека мора да се имплементира, затоа што сите компании, а посебно ТНК, бараа унифицирање на евиденцијата и извештаите, со што се поедноставува следењето и и прикажувањето на работењето и резултатите од тоа работење.

Во овој правец се и МСС (Меѓународните сметководствени стандарди), во рамките на Европската унија, поточно четвртата и седмата директива, коишто стандарди се прифатени и во Република Македонија.

**Евалуација на трудот број 4:**

***"The influence of the legislation on the FDIs the case of the R.Macedonia in the period 2001-2010"***

Досега светски искуства несомнено го потврдија фактот дека СДИ е еден од основните двигатели што го овозможува и го забрзува економскиот развој во националните економии. Како резултат на тоа, секоја национална економија мора да има соодветна законска регулатива која ќе овозможи непречено привлекување на странски капитал.

Основната мотивација за спроведување на овој истражувачки труд е имплементираната анализа за измените во законодавството и нивното влијание врз обемот и структурата на СДИ во Република Македонија во текот на последната деценија. Имено, клучната цел на трудот е да се соогледаат промените во легислативата и нејзиното влијание врз обемот и структурата на СДИ во Република Македонија во текот на последната деценија. Сепак, до одреден степен на институционалните механизми кои профилирани во контекст и рамка за водење бизнис авторот истакнува дека се важни, исто така.

Всушност, предметот на истражување е уставната и законска рамка на Република Македонија во врска со привлекувањето на СДИ.

Резултатите од истражувањето направено несомнено доведоа до констатација и заклучок дека правната рамка е фактор кој го одредува деловното опкружување во земјата, но тоа истовремено и непосредно влијае врз интензитетот и структурата на СДИ во Република Македонија. Во трудот исто така се истакнува дека во последната декада, односно во периодот од 2001 до 2010 год. Република Македонија има постигнато значителни резултати во оваа област. Меѓутоа и понатаму постои простор и потреба за понатамошно подобрување на законската регулатива во функција за што поголемо привлекување на странски капитал.

**Евалуација на трудот број 5:**

***"A game theoretic optimization model between project risk set and measure set"***

Во овој труд кандидатот Пачешкоски истакнува дека проектот за управување со ризикот претставува сет на субјективни и динамични одлуки истовремено и метод за избегнување на проектниот ризик. Имено, игра важна улога во изборот соодветни мерки за контрола и да се справи со повеќе нови ризици (т.е. ризик сет). Овој труд се фокусира на контролата на мултидимензионалните проблеми, под услов на динамично управување со ризикот и ресурсите. Врз основа на описот на мултицентар мрежа и кооперативен механизам во рамките на проектот за управување со ризикот. Во предложениот модел, секој ризик во рамката на ризици е опишан како играч во играта, кој се натпреварува со други играчи за распределба на контрола на ризикот и ресурсите кои се достапни во ограничени количини Потоа се предлага ефикасен алгоритам да се реши распределбата т.е решение врз основа на рамнотежа. Исто така, претставен е и експеримент преку кој се илустрира ефективноста на предложениот модел.

**Евалуација на трудот број 6:**

***"Free money-for the agricultural sector as helping hand for investment activities in times of financial crisis"***

Како резултат на последната финансиска криза многу компании во земјоделскиот сектор објавија намалување на нивната крајна линија, која се должи како резултат, пред сè, на намалување на побарувачката за нивните производи.

Во трудот се истакнува дека ова намалување, без оглед на неговата големина има непосредно влијание врз идните стратегии на фирмите и посредно влијание на нивните инвестициски проекти. Ова се должи на фактот дека како резултат на финансиската криза многу компании се принудени да започнат процес на намалување на трошоците со цел за одржување на нивната солвентност. Истовремено, инвестициски проекти имаат претрпено редуцирање, поради тоа што планираните финансиски средства беа запрени, намалени. Од друга страна, како што е добро познато, некои од проектите не може да бидат одложени, со што компаниите се очајно во потреба и потрага за дополнителни финансиски средства. Всушност средства кои станаа екстремно скапи за македонскиот пазар. Меѓутоа, и покрај тоа што стандардните извори на капитал станаа поскапи, но земјоделскиот сектор сè уште има алтернативни опции каде што би можеле да се најдат не само средства со ниска цена, исто така и бесплатен капитал за нивните инвестициски активности. Земајќи ја предвид оваа можност, за корисниците, треба да се обидат да бидат информирани во врска со сите можности за финансиска помош. Со единствена цел за овие слободни пари да бидат достапни за корисниците од земјоделскиот сектор, тие прво треба да бидат едуцирани т.е. информирани за достапноста и целта на овие фондови и, второ, тие треба да бидат презентирани со соодветни извори на привремена капитал (потребни за завршување на инвестицијата). Во таа насока уште повеќе, кога се користи финансиската помош обезбедена од страна на ИПАРД, корисникот треба внимателно да го земе предвид временскиот период. Оставајќи ги настрана негативните аспекти, слободните пари секако се исклучително корисни за развој на земјоделскиот сектор особено во време на финансиска криза, каде што финансиските средства се тешко достапни или се премногу скапи или не се доволни за поголем инвестиционен проект.

**Евалуација на трудот број 7:**

***"Strategic management, strategic planning and strategic thinking"***

Во овој труд авторот истакнува, дека стратегијата е корисен концепт, дури и во сите нејзини варијанти. Од друга страна, истовремено нагласува, дека стратешкото планирање е корисна алатка во управувањето со претпријатието, особено ако стратегијата и стратешките планови можат да бидат успешно распоредени во текот на организацијата. Очигледно, голема доза на стратешко размислување мора да одат во правец на развивање на стратешки план во функција на реализирање на зацртаната цел. Всушност, во функција на целта за успешно менаџирање, е conditio sine qva non да се управуваа стратешки, а не само на слепо менаџментот да се вклучи во стратешкото планирање.

Сепак, кога станува збор за специфицирање на суштината на разликите меѓу стратешко размислување, стратешко планирање и стратешкиот менаџмент, сите автори што ја истражуваат оваа проблематика во глобала се согласуваат. Наспроти тоа, во овој труд авторот на експлицитен начин ги истакнува разликите, со висока анализа на претпазливост против збунувачките форми на претходно истакнатите проблеми и нивната содржина, со единствена цел поуспешно менаџирање на деловните субјекти.

**Евалуација на трудот број 8:**

***"Developing spectrum innovation for survival and success in the global economy"***

Повеќето деловни компании денес работат во опкружување на економска турбуленција, под постојан притисок да ја преживеат глобалната економска криза и да обезбедат раст преку зголемување на нивните приходи и профит. Најсигурен и најефективен начин за да расте фирмата е истата на своите потрошувачи да им понуди зголемена вредност по пат на подобри производи и услуги. Исто така, деловните субјекти мора да се обидат да им понудат на своите вработени и акционери поголема сатисфакција и доверба. Овие цели најдобро се постигнуваат преку ефективна диференцијација на деловната стратегија која може да обезбеди повисоки профитни маргини во однос на конкуренцијата. Посакуваната диференцијација може да биде можна преку подобрувања во квалитетот во реализирањето на поголемо задоволство на потрошувачите и/или во продуктивноста заради намалување на трошоците. Овие чекори, меѓутоа, може лесно и брзо да бидат имитирани од страна на конкурентите. Подобар приод претставува развој на видови на иновации кои ќе понудат поголема вредност преку подобри производи или подобри процеси, или иновации кои ќе доведат до поефективен деловен модел.

Во овој труд се предлага пристап на полн спектар на иновации којшто настојува да развие иновации хоризонтално преку различните фази во синџирот на вредности на фирмата, како на пример, производи, процеси или синџири на снабдување, паралелно со развојот на иновации вертикално што се однесуваат на подлабоките слоеви на организацијата и ги предизвикува неодредените претпоставки и ставови во менаџирањето на организацијата. Вертикалните иновации одредуваат како фирмата ја развива својата организациона култура за зајакнување на учењето, зголемување на довербата и намалување на неразумната одбојност кон ризик менаџментот. Овие помалку видливи и помалку опипливи иновации бараат повеќе време за да се развијат и имплементираат и притоа не даваат брзи финансиски резултати. Сепак, истите се битни, бидејќи нудат сигурна и одржлива основа за опстанок и успех преку создавање на поадаптибилна и посилна организација, допирајќи го човечкиот потенцијал кој најмногу ветува.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на соработник-асистент за научната област *меѓународна економија* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се пријавиле кандидатите:

- м-р Влатко Пачешкоски,
- м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева,
- м-р Елена Ѓуроска,
- Неда Калешовска.

Кандидатите м-р Влатко Пачешкоски и м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева имаат поднесено комплетна документација која се бараше во Конкурсот и ги исполнува условите кои се предвидени за избор во звањето соработник-асистент (има завршено магистерски студии, го имаат потребниот просечен успех од студирањето, како и потребните трудови), додека кандидатите м-р Елена Ѓуроска и Неда Калешовска не ги исполнуваат условите кои се предвидени за избор во звањето соработник-асистент според Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања и Законот за високото образование („Сл.весник на РМ" 25/2008).

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Влатко Пачешкоски покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во економијата.

Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатот се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови. Научностражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката којашто се однесува на предметот за којшто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека м-р Влатко Пачешкоски ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факулет да му предложи **кандидатот м-р Влатко Пачешкоски да го избере во звањето асистент за научната област меѓународна економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Јанка Димитрова, доцент – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор – член, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор – член, с.р.**

## Т А Б Е Л А

**за вреднување на активностите на Влатко Пачешкоски, според критериумите дадени во Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | **26,8** |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 114 | Број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | 22,8 |
| Учество во образовна РТВ програма<br>(Дневник на ТВ Стар, ТВ Ирис, ТВ Сител) | 8 | 0,5 | 4 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | **20** |
| Магистерски труд<br>„Положбата и перспетктивите на земјите во развој во светската економија” | 1 | 4 | 4 |
| Интерна скрипта<br>„Економика на претпријатие” | 1 | 2 | 2 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>„Улогата и значењето на финансиските извештаи во услови на глобализирана економија” **(во земјата - 2 поени)**<br>“Developing spectrum innovation for survival and success in the global economy” **(во земјата - 2 поени)**<br>“The influence of the legislation on the FDIs the case of the R.Macedonia in the period 2001-2010” **(во странство - 2 поени)**<br>“A game theoretic optimization model between project risk set and measure set” **(во странство - 3 поени)**<br>“Free money-for the agricultural sector as helping hand for investment activities in times of financial crisis” (**во странство - 2 поени**)<br>“Strategic management, strategic planning and strategic thinking” **(во странство - 3 поени)** | 4<br>2 | во странство<br>2*2<br>2*3<br>во земјата<br>2*2 | 10<br>4 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | **11** |
| Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | 6 |
| Сертификати | 2 | 2 | 4 |
| Учество на стручен собир со реферат<br>Дебата на Економски факултет („Фиксен наспроти флуктуирачки курс на денарот”) | 1 | 1 | 1 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **57,8** | | |